**Известување за концентрација со која ГЕИС КАРГО ИНТЕРНАТИОНАЛ ЛУКСЕМБУРГ Луксембург стекнува контрола над АУГУСТИН КВЕНБЕРГЕР ГРУП Австрија**

**(предмет бр. 08-78/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 29.05.2023 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која ГЕИС КАРГО ИНТЕРНАТИОНАЛ ЛУКСЕМБУРГ д.о.о. Финдел, Луксембург (Geis Cargo International Luxembourg G.m.b.h., Findel, Luxemburg), со седиште на 1110, Финдел, Луксембург стекнува контрола над АУГУСТИН КВЕНБЕРГЕР ГРУП д.о.о. Страсвалхен, Австрија, (AUGUSTIN QUEHENBERGER GROUP GMBH, Straßwalchen, Austria), со седиште на Индустриска зона Север 5, 5204 Страсвалхен, Австрија.

Geis Cargo International Luxembourg G.m.b.h.,Финдел, Луксембург е основано во согласност со законодавството на Луксембург. Предмет на работење на друштвото е спроведување и посредување на товарен транспорт, царински формалности и магацински услуги од секој вид, глобални меѓународни шпедитерски услуги во областите на копнен, воздушен и бродски сообраќај како и изведување на проекти. Истотака купување и администрирање на учество во претпријатија од секаков вид, спроведување на логистички услуги, услуги поврзани со производство и со тоа поврзани споредни дејности. Понатаму друштвото може да превземе спроведување и посредување на какви било услуги и работи, кои се поврзани со основната цел на друштвото или кои можат да ја унапредат истата.

Geis Cargo International Luxemburg G.m.b.h. припаѓа на групацијата и е во целосна сопственост и контролирана од неа. Групацијата Geis е семеен бизнис во 100% сопственост кој нуди стандардизирани и приспособени транспортни решенија, како и целосен опсег на логистички услуги. Има три деловни сегменти од областа на логистиката: Патни услуги, Договорни логистички услуги и Воздушни + Поморски услуги.

<u>Патни услуги</u> се фокусирани на збирниот општ товар, дел (помалку од целосни товари на камиони; „LTL“) и полни товари (полни товари на камиони; „FTL“). Понатаму, Групацијата Geis обезбедува транспортни решенија за дистрибуција и логистика за набавки за различни индустрии.

<u>Договорната логистика</u> е прилагодена: Групацијата Geis создава иновативни и индивидуални решенија, од индивидуална производствена логистика до цели дистрибутивни центри.

<u>Воздушни + поморски услуги</u> се решенија за воздушен товар и поморски товар. Групацијата Geis обезбедува меѓународен транспорт низ целиот свет со глобална мрежа и локален консалтинг.

Во Република Северна Македонија Geis Cargo International Luxemburg G.m.b.h нема никакво присутво.

AUGUSTIN QUEHENBERGER GROUP GMBH, Страсвалхен, Австрија, е основано во согласност со законодавството на Австрија. Друштвото е овластено да ги врши следните работи (согласно неговиот статут-составен дел од прилог 4): учество во друштва, особено стекнување, сопственост, управување и располагање со удели во друштва од шпедитерскиот, транспортниот и логистичкиот сектор, создавање на мрежи за соработка

во логистика и давање услуги на друштва во кои друштвото има удел. Понатаму, друштвото има право да се вклучи во партнерства како партнер со неограничена одговорност и да го преземе управувањето со таквите друштва како и да основа филијали во Австрија и во странство. AUGUSTIN QUEHENBERGER GROUP GMBH („AQG“) и нејзините подружници (AQG и подружниците заедно „AQG Group“), AQG е холдинг компанија и матична компанија на компаниите AQG Group.

Групацијата AQG е меѓународен давател на логистика со целосна услуга со седиште во Страсвалхен, Австрија. Групацијата AQG нуди сеопфатни решенија од крај до крај во четири основни области на производи:

• Договорна логистика: сеопфатни и високо приспособени решенија за синџирот на снабдување кои нудат висок степен на флексибилност за клиентот;

• Индустриски мрежи: сеопфатен сет на приспособени мрежни услуги обезбедени низ различни индустрии, вклучително и малопродажба, мода, стоки за широка потрошувачка (FMCG), гуми и направи сам;

• Q Direct: транспортни решенија за целосни товари (FTL) и помалку од целосни камиони (LTL) со фокус на Централна и Источна Европа;

• Воздух + океански товар: целосно ориентирани кон решенија за услуги за превоз од крај до крај со воздух + океан за сите големини на пратката и барања за брзина.

Групацијата AQG управува со сопствена флота на возила и е првенствено застапена во Австрија, Германија и неколку земји во Источна и Југоисточна Европа. Активна е на 68 локации во 11 земји во Централна и Источна Европа. Вкупниот број на вработени ширум светот е приближно 3.050.

Во Република Северна Македонија Групацијата AQG е присутна преку Друштво за меѓународен транспорт и шпедиција КВЕНБЕРГЕР ЛОГИСТИК МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ, Штип со седиште на улица Брегалничка бр.61, Штип, со ЕМБС 5108080 со приоритетна дејност: - 52.29 – Останати придружни дејности во превозот.

Друштво за меѓународен транспорт и шпедиција КВЕНБЕРГЕР ЛОГИСТИК МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ, Штип е во 100% сопственост на подружницата на Групацијата AQG (AQG Group), Quehenberger Logistics GmbH.

Концентрацијата се однесува на логистичкиот пазар (шпедиција/транспорт, договорна логистика) во Европа.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

31.05.2023 година
Скопје